КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

Период за кој се известува: 2018 година **Вкупен буџет: 16.480.000,00 денари** **Број на вработени: 19** **www.komspi.mk**	**Одговорно лице:** **Име и Презиме: Блерим Исени** **Звање: Претседател на Комисија** **E-mail: komspi@komspi.mk** **Телефон: 02/3118-038**

СОДРЖИНА:

1. Резиме..... 3
2. Вовед..... 4
3. Статус, раководство, надлежност и организациона структура..... 5
4. Реализирани активности произлезени од законските надлежности и Програмата за работа..... 9
4.1. Одлучување по жалби
4.2. Решени предмети и нивна структура.....10
4.3. Жалби поднесени против имателите на информации..... 11
4.4. Карактер на поднесени жалби
4.4.1. Состојба на предмети по тужби..... 12
4.4.2. Спроведување и искуства од примената на Законот..... 13
4.4.3. Листа на иматели на информации
4.4.4. Содржина на Годишни извештаи..... 14
4.4.5. Годишни извештаи на иматели..... 15
4.4.6. Соработка со службени лица кај иматели..... 16
4.4.7. Нецелосни извештаи и евидентирани неправилности..... 17
4.4.8. Веб локација на Комисијата
4.4.9. Јавност во работата.....18

5. Активности за подобрување на квалитетот во работењето..... 18
5.1. Усогласување со ИСО 9001:2015
5.2. Обука на тема:„ Управување со квалитетот во јавниот сектор“..... 19
5.3. Обуки и едукација
6. Соработка со други институции и меѓународна соработка..... 20
6.1. Соработка со други институции
6.2. Меѓународна соработка..... 21
6.2.1. Проектни апликации и соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје
6.2.2. ИПА проекти..... 22
6.2.3. TAIEX Инструментот
7. Буџет, завршна сметка и финансирање..... 23
7.1. Краток финансиски извештај
7.2. Компаративна табела на Буџет и расходи во последните три години..... 25
7.3. Завршна сметка за 2018 година
8. Заклучоци..... 25
9. Препораки..... 26
10. Прилози..... 27
11. Прилог: копија од завршна сметка за 2018 година..... 33

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Примен на: 26. 03. 2019
08 | 21081

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

KOMISIONI PËR MBROJTJEN E TË DREJTËS PËR QASJE TË LIRË NË INFORMACIONE ME KARAKTER PUBLIK

Бр./Nr. 01-123/1 Скопје, Shkup, 25. 03 2019 година/viti

До

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

KUVENDIT TË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

ПРЕДМЕТ: Доставување на Годишен извештај за 2018 година

LËNDA: Dorëzimi i Raportit vjetor për vitin 2018

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, согласно член 32 став 1 алинеја 9 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во прилог Ви го доставува Годишниот извештај за работа на Комисијата во 2018 година.

Komisioni për mbrojtjen e të drejtës për qasje të lirë në informacione ma karakter publik, në pajtueshmëri me nenin 32 paragrafi 1 alinea 9 të Ligjit për qasje të lirë në informacione me karakter publik, në shtojcë dorëzon Raportin vjetor për punën e Komisionit në vitin 2018.

Прилог:
- Печатен текст на Годишниот извештај;
- Електронска форма ЦД

Shtojcë:
-Tekst i shtypur i Raportit vjetor
-Formë elektroni

Претседател,
Блерим Исени

Kryetar,
Blerim Iseni

Гоце Делчев бр.18 Скопје, П.Фах.561/ Goce Dellçev nr.18 Shkup F.P.561/ Goce Delcev no.18 Skopje, PO.Box.561 тел./tel.?phone:+389 2 3127 453;+389 2 3118 038,факс//faks/fax:3114 695

Web: http://www.komspi.mk/ e-mail: komspi@komspi.mk

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер од 1 јануари до 31 декември 2018 година

1. РЕЗИМЕ

Извештајот за работата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во 2018 година (во понатамошниот текст: Комисија) произлегува од законската обврска за поднесување Годишен извештај до Собранието на Република Северна Македонија, а ги одразува надлежностите утврдени во членот 32 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, за чие спроведување е надлежна Комисијата.

Извештајот ја прикажува работата врз секоја од надлежностите на Комисијата и резултатите на нејзината работа и активностите во 2018 година.

Во 2018 година, Комисијата се соочи со повеќе предизвици и ограничувања поврзани со нејзиното работење и функционирање.

До моментот додека имаше кворум полноправно да одлучува, Комисијата навремено ги реализираше активностите во согласност со законските надлежности. Одлучуваше по жалбите на барателите на информации, вршеше едукација на имателите и барателите на информации како на централно, така и на локално ниво. Соработуваше со имателите и барателите на информации, со цел јакнење на транспарентноста и отчетноста, како и за понатамошна афирмација и остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Комисијата беше оневозможена нормално да функционира како никогаш во претходните единаесет години. По усвоената оставка на претседателот на Комисијата на 2 мај 2018 година, Комисијата како колективно тело кое одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на Комисијата, повеќе не можеше да донесува важечки одлуки, поради тоа што истата броеше само два од законски предвидените пет члена.

Во извештајниот период до Комисијата се доставени 622 жалби. Поради настанатата ситуација, Извештајот во делот на жалбената постапка се однесува за перидот јануари-мај 2018 година, до кога беа решени 142 предмети, а останатите 480 се пренесени во 2019 .

Во делот на работењето на Секторот за соработка со имателите, информирање на јавноста и меѓународна соработка, како и на планот на остварувањето на едукацијата на службените лица кои посредуваат со информациите од јавен карактер, анализата на податоците се однесува на целата извештајна 2018 година.

Комисијата се надева дека во најкус можен рок ќе се изнајде законско решение за продолжување на функционирањето на овој независен државен орган, со цел да се овозможи остварување на слободниот пристап до информациите од јавен карактер. И во моментот Комисијата не е екипирана и нема кворум полноважно да одлучува и да го усвои Годишниот извештај.

2. ВОВЕД

Годишниот извештај за 2018 година претставува сублимат од работењето на Комисијата, преку кој се прикажани степенот на имплементација на законот, констатираните состојби, соодветна статистика, воочени слабости и добри практики од овој извештаен период, со потенцирање на потребите за поуспешна примена.

Со својата Мисија, Комисијата има за цел заштита и остварување на уставно загарантираното право на слободниот пристап до информациите, преку ефикасно и независно спроведување на жалбената постапка, информирање на јавноста, континуирана едукација на имателите на информации, како и преземање мерки за подобрување на законската рамка, особено во делот за промоција и поттик на транспарентноста, подготвеноста на имателите на информации за сеопфатно информирање, како и за запознавање на што поголем број граѓани со правото кое за нив произлегува од Законот.

Во текот на 2018 година до Комисијата беа доставени 622 жалби против одлуките, односно постапувањето на првостепените органи – имателиа на информации. Споредбено со претходната година евидентно е намалување на поднесените жалби за 136, што само по себе асоцира дека имателите на информации во извештајната година биле потранспарентни во работењето и ги доставувале бараните информации до барателите.

Поголемиот број жалби се доставени од здруженија на граѓани и фондации (421), но за разлика од претходната, во 2018 година 201 жалба е поднесена од физички лица. Ова е позитивен податок, бидејќи интенција на Комисијата е ова право што повеќе и почесто да се користи од граѓаните.

Во однос на вкупниот број на решени предмети **(142)** во 2018 година, Комисијата во **89%** донела позитивна одлука во полза на барателите на информации.

За разлика од минатата година кога **95,30%.**од имателите на информации доставија Годишен извештај за имплементацијата на Законот, во извештајната 2018 година има пад во однос на оваа точка. Од вкупно 1256 имателиа на информации, Годишен извештај за примената на законот до Комисијата доставија **963** имателиа, односно **76.67**% од нив, додека законската обврска не е исполнета од **293** имателиа или **23.32**%. Овие податоци се значајни бидејќи овозможуваат да добиеме објективен преглед за практичната примена на законот, што од друга страна ни укажува во кој правец да ги насочиме идните чекори за подобрување на состојбите.

Својата законска обврска за преземање на активности за едукација на имателите на информации, Комисијата ја исполни преку одржување на **6** обуки и на **3** регионални работилници. **Пет** од овие едукативни средби беа реализирани во рамките на претходно воспоставената соработка помеѓу Комисијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Исто така, во соработка со здружението ЕСЕ е подготвен видео спот како дел од медиумска кампања согласно Отвореното владино партнерство .

Со цел поуспешно остварување на својата улога согласно законските надлежности, Комисијата има потреба од квалитативно кадровско доекипирање, како и посилна буџетска поддршка како би можела подобро да пристапи кон јакнење на развојната страна во работењето. Покрај тоа, добар поттик е

отпочнатиот процес за донесување на нов Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Визијата на Комисијата е да продолжи да биде препознавана од имателите, барателите и целокупната јавност како основна институција надлежна за остварување на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, која придонесува за зголемена отчетност и транспарентност во општеството.

Извештајот е веродостоен и аргументиран одраз за сработеното и реализираните активности на Комисијата во сите сегменти на нејзините законски надлежности.

3. СТАТУС, РАКОВОДСТВО, НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИОНА СТРУКТУРА:

Комисијата е независен државен орган составена од претседател, заменик на претседателот и три члена кои функцијата ја извршуваат професионално, со мандат од 5 години, со право на повторен избор. До 30 април 2018 година, Комисијата функционираше со претседател, заменик на претседателот и еден член.

По прифаќањето на поднесената оставка на тогашнот претседател од страна на Собранието на Република Северна Македонија на 2 мај, Комисијата остана само со заменик на претседателот и еден член и неможеше полноважно да одлучува.

По именувањето на заменик претседателот за претседател со Одлука на Собранието на Република Северна Македонија од 18.10.2018 година, Комисијата беше составена од претседател и еден член и повторно неможеше да донесува полноважни одлуки.

Комисијата работите од својата надлежност, како независно колегијално тело, ги врши на седници.

Комисијата работи и донесува одлуки во согласност со надлежностите утврдени во член 32 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, и тоа:

- одлучува по жалби против решението и заклучокот со кој имателот на информацијата го одбил барањето за пристап до информации на барателите на информации;
- се грижи за спроведување на одредбите од овој Закон;
- подготвува и објавува листа на имателите на информации;
- дава мислења по предлози на закони со кои се уредува слободниот пристап до информации;
- презема активности на планот на едукацијата на имателите на информации за овозможување на барателите слободен пристап до информациите со кои тие располагаат;
- соработува со имателите на информации во однос на остварувањето на правото на пристап до информации;
- дава предлози за потребните средства за работа на Комисијата при изготвувањето на Буџетот на Република Северна Македонија;
- донесува Деловник за својата работа;

- подготвува Годишен извештај за својата работа и го доставува до Собранието на Република Северна Македонија;
- извршува работи на меѓународна соработка поврзани со извршувањето на меѓународните обврски на Република Северна Македонија, учество во спроведувањето на проекти на меѓународните организации и соработува со органите на другите земји и институции од областа на слободниот пристап до информации од јавен карактер;
- донесува акти со кои го уредува начинот на работата и организацијата на Комисијата;
- врши промоција на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, и
- врши и други работи утврдени со овој и друг Закон.

Управните, стручните и другите административно–технички работи, согласно Законот ги врши Секретаријатот на Комисијата. Според Правилникот за внатрешна организација и Правилникот за систематизација на работните места, во Секретаријатот на Комисијата формирани се два сектора:

- Сектор за спроведување на постапка по жалби, правни, општи, едукативни и аналитички работи и
- Сектор за соработка со имателите на информации, информирање на јавноста и меѓународна соработка на полето на слободниот пристап до информациите од јавен карактер.

Секторите имаат по две (2) Одделенија. Надвор од секторите постои Одделение за финансиски прашања.

Според наведените правилници, систематизирани се дваесет и осум (28) работни места, од кои пополнети се деветнаесет (19) работни места. Од нив шеснаесет (16) се со високо образование, а три (3) се со средно образование. Квалификационата структура на вработените со високо образование е следна: седум (7) се дипломирани правници, од кои тројца (3) се со мастер дипломи, тројца (3) се со Филолошки факултет, од кои еден (1) е со мастер диплома, еден (1) е дипломиран новинар, еден (1) е со Филозофски факултет, двајца (2) се дипломирани економисти, еден (1) е дипломиран менаџер по маркетинг и еден (1) е дипломиран менаџер за управување со човечки ресурси. Со средно образование се тројца (3) вработени, од кои еден (1) е со угостителско-туристичка струка и двајца (2) се со средно трговска струка.

Според категории на административни службеници, состојбата е следна:

- Генерален секретар;
- Раководител на Сектор;
- Помошник раководител на Сектор;
- Раководител на Одделение;
- Двајца (2) советници;
- Девет (9) помлади соработници;
- Еден (1) самостоен референт;
- Тројца (3) помлади референти

Од вкупниот број вработени, осум (8) се од македонска национална припадност, пет (5) се од албанска национална припадност, четири се (4) од влашка национална припадност и двајца (2) се од ромска национална припадност.

Двајца (2) вработени работат со скратено работно време. седум (7) се од машки пол, а дванаесет (12) од женски пол, на возраст од дваесет и девет (29) до шеесет и петгодишна (65) возраст.

Процент од вкупниот број на вработени по национална припадност во Секретаријатот на Комисијата

	Систематизирани работни места	Пополнети работни места	Процент од вкупен број на вработени	Високо образование	Средно образование
Македонци		8	42%	7	1
Албанци		5	26%	5	
Власи		4	21%	4	
Роми		2	11%	/	2
Вкупно	(28)	19			

Процент од вкупниот број на членови по национална припадност на Комисијата

	Членови на Комисијата	Пополнети работни места	Високо образование
Македонци	2	2	2
Албанци	1	1	1
Вкупно	3	3	3


Комисија
Одделение за Финансиски прашања
Генерален Секретар
Секретаријат
Сектор за спроведување на постапка по жалби,правни,едукативни,аналитички и општи работи
Сектор за соработка со имателите на информации,информирање на јавноста и меѓународна соработка на полето на слободниот пристап до информации
Одделение за спроведување на постапка по жалбите,правни и општи работи
Одделение за аналитика и едукација на барателите и имателите на информации од јавен карактер
Одделение за соработка со имател на информации и информирање на јавноста
Одделение за меѓународна соработка на полето на слободниот пристап до информации од јавен карактер

Органограм

4. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ ПРОИЗЛЕЗЕНИ ОД ЗАКОНСКИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ И ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА:

4.1 Одлучување по жалби

Комисијата како второстепен орган одлучува по жалбите поднесени против решенијата и заклучоците на имателите на информации и по жалбите поднесени во случаи кога имателите не постапиле по барањата за пристап до информации од јавен карактер во законски предвидениот рок, односно кога има молчење на администрација.

Право на Жалба, согласно Законот, има само барателот кој поднел писмено барање за пристап до информации од јавен карактер.

Жалбата може директно да се поднесе до Комисијата, или ако се примени Законот за општата управна постапка, Жалбата може да се поднесе и преку имателот на информации. Доколку Жалбата (која е поднесена против Решение или Заклучок на имателот на информацијата), директно е доставена до Комисијата, таа веднаш по добивањето ја препраќа до имателот на информацијата, кој во рок од седум дена треба да се произнесе по истата и до Комисијата да ги достави сите списи во врска со предметот.

Во случај кога Жалбата е изјавена против молчење на администрација, Комисијата донесува Решение со кое се наложува првостепениот орган да постапи по Барањето на барателот, согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од седум дена од приемот на Решението.

Врз основа на обработените податоци, произлегува дека во извештајната **2018** година до Комисијата, поднесени се вкупно **622** жалби, или за 136 помалку во однос на изјавените 758 жалби во 2017 година .

Состојбата на поднесените жалби од страна на барателите на информации по месеци е следна: во месец јануари се поднесени **72** жалби, февруари-**46**, март-**24**, април- **42**, мај-**39**, јуни-**43**, јули-**182**, август-**67**, септември-**13**, октомври-**62**, ноември-**19** и во месец декември **2018** година-**13** жалби. (**во прилози: Графикон 1)**

Од вкупниот број на поднесени жалби до Комисијата, **201** се изјавени од физички лица**,** додека **421** жалба од правни лица- Здруженија на граѓани и фондации. Поголемиот број на жалби беа поднесени во месец јануари, јули август и октомври од страна на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените ЕСЕ-Скопје и Центар за граѓански комуникации. (**во прилози: Графикон 2)**

Меѓутоа, треба да се нагласи фактот дека во 2018 година бележиме намалување на жалбите во однос на 2017 година поднесени од страна на барателите на информации, што говори за поголема отчетност и транспарентност на имателите на информации.

Од вкупно **622** евидентирани жалби во Комисијата, поголемиот дел од жалбите- **366** се поднесени поради молчење на имателите на информации, односно поради непостапувањето на имателите на информации по барањата за слободен пристап до информации од јавен карактер во законски предвидениот рок од 30, односно 40 дена.

Против Одговор на имателите на информации од јавен карактер, барателите на информации до Комисијата поднеле **149** жалби, против Решенија

на имателите на информации за одбивање на пристапот до бараната информација поднесени се **84**, против Известување на имателите на информации изјавени се **20** жалби и **3** жалби против Заклучок на имателите на информации.

4.2 Решени предмети и нивна структура

Комисијата во текот на 2018 година одржа **11** седници и по спроведената постапка по жалби донесе **130** решенија и **12** заклучоци**,** додека **480** жалби беа пренесени за постапување во 2019 година. (**во прилози: Графикон 3)**

Треба да се нагласи фактот дека големиот број на пренесени жалби во 2019 година се должи на тоа што претходниот претседател на Комисијата поднесе оставка од функцијата, а на 02 мај 2018 година истата беше прифатена од Собранието на Република Северна Македонија. На 18.10.2018 година со Одлука на Собранието на Северна Република Македонија бр.08-6026/1 , дотогашниот заменик претседател беше именуван за претседател на Комисијата, при што составот на Комисијата беше претседател и еден член, што значи повторно Комисијата не можеше полноважно да одлучува.

Во однос на решените предмети и нивната структура, состојбата е следна:

- **75** решенија со кои Жалбата се уважува и се наложува првостепениот орган да постапи по Барањето на барателот;
- **33** решенија со кои Жалбата се уважува и се задолжува имателот да ја даде бараната информација;
- **10** решенија со кои Жалбата се одбива како неоснована;
- **6** решенија со кои Жалбата се отфрла како ненавремена/ недопуштена/предвремена;
- **6** решенија со кои Жалбата се уважува и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган;
- **12** заклучоци со кои се запира постапката по Жалба поради повлекување на истата.

Комисијата, исто така, постапи и по **14** жалби поднесени при крајот на декември 2017 година и истите пренесени во 2018 година, по кои донесе **8** решенија и **6** заклучоци. (**во прилози: Графикон 4)**

Од горенаведените податоци може да се заклучи дека Комисијата во најголемиот број на жалби позитивно се изјаснила во корист на барателите на информации и донела **75** решенија со кои Жалбата се уважува и се наложува првостепениот орган да постапи по Барањето на барателот, **33** решенија со кои Жалбата се уважува и се задолжува имателот да ја даде бараната информација, **10** решенија со кои Жалбата се одбива како неоснована, **6** решенија со кои Жалбата се отфрла како недопуштена, **6** решенија со кои Жалбата се уважува и предметот се враќа на повторно постапување пред првостепениот орган и **12** заклучоци со кои постапката по жалба се запира поради повлекување на Жалбата.

Од погоре изнесените податоци по однос на донесените решенија и заклучоци, Комисијата во 89% во однос на вкупниот број на решени предмети (142) во 2018 година, донела позитивна одлука за барателите.

4.3. Жалби поднесени против имателите на информации:

По однос на поднесените жалби против имателите на информации, податоците покажуваат дека поголемиот број на жалби се изјавени против:

- Државни институции - **369**
- Судска власт - **41**
- Општини - **78**
- Здравствени установи - **94**
- Образовни институции - **11**
- Правни или физички лица кои вршат јавни овластувања- **6**
- Јавни претпријатија и установи– **13**
- Не се иматели – **10** (**во прилози: Графикон 5)**

4.4. Карактер на поднесени жалби:

Според податоците со кои располага Комисијата, во извештајната година најмногу жалби се поднесени против: државните институции, општините и Градот Скопје, здравствените установи и судската власт.

И покрај реализираните обуки и работилници наменети за службените лица кај имателите на информации, со посебен акцент на новоназначените, како најчеста причина за поднесување на жалби до Комисијата се наведува молкот на администрацијата.

Жалби се поднесени и поради незадоволство на барателите од добиени одговори од имателите на информации и против добиени решенија за одбивање на пристапот до бараните информации. Како и во претходниот извештаен период и во текот на 2018 година, поднесените жалби до Комисијата од страна на здруженија на граѓани и фондации и оваа година се побројни во однос на поднесените жалби од физички лица.

Во жалбите најчесто се споменува незадоволство на жалителите од постапувањето на имателите на информации во врска со барања кои се однесуваа на:

- реализирани јавни набавки;
-информации за висина на финансиски средства кои ги добиваат назначените, односно наименуваните функционери;
-информации за изведени проекти за вработување на определени категории невработени лица;
- документи кои имателите на информации ги изготвиле во врска со нивната организација и нивното финансиско работење;
- листа на кредити, донации и грантови кои институциите ги имаат добивано во назначен период;
-информации за потрошени буџетски средства по Програми кои третираат конкретни заболувања, третмани на одредени категории лица и.т.н.;
-записници од седници, од извршени инспекциски надзори и сл.;
-документи од областа на социјалната и здравствената заштита;
- катастарски документи и друго.

4.4.1 Состојба на предмети по тужби:

Според евиденцијата на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, во 2018 година, против конечни одлуки на Комисијата беа поднесени вкупно **5** тужби за поведување управни спорови и тоа:

- **3** - тужби од физички лица;
- **2 -** тужби од правно лице кои врши јавни овластувања и од државна институција

Од вкупно **5** тужби поднесени до Управниот суд за поведување управен спор:

- **1** - тужба е поднесена против Решение на Комисијата со која жалбата се уважува и се задолжува имателот да ја даде бараната информација;
- **1 -** тужба е поднесена против Решение на Комисијата со која жалбата се уважува и се наложува имателот да постапи согласно Законот
- **3 -** тужби се поднесени против Решенија на Комисијата со кои жалбата се одбива како неоснована;

❖ Комисијата постапи по 4 од поднесените тужби и достави одговор до Управниот суд, освен по 1 тужба не достави одговор до Управниот суд поради тоа што Комисијата не можеше да одржи седница со само два члена (кворум).

Во 2018 година, до Комисијата се доставени 12 Жалби против одлуки на Управниот суд и тоа:

- **5** – Жалби против Пресуди на Управниот суд до Вишиот управен суд
- **7** – Жалби против Решенија на Управниот суд до Вишиот управен суд

Управниот суд во 2018 година, постапи по 19 тужби и донесе:

- **11** - Пресуди со кои тужбата се одбива како неоснована
- **2** – Решенија со кои тужбата се одбива како неоснована
- **3** - Решенија со кои тужбата се отфрла како недозволена
- **3** – Решенија со кои тужбата се отфрла

Вишиот управен суд во 2018 година постапи по 6 Жалби против одлуките на Управниот суд и донесе:

- **1** – Пресуда со која Жалбата се одбива како неоснована и Пресудата на Управниот суд се потврдува
- **3** – Решенија со кои Жалбата се одбива како неоснована и Решението на Управниот суд се потврдува
- **2** – Решенија со кои Жалбата се отфрла како недозволена

Управниот суд и Вишиот управен суд во 2018 година донесоа одлуки со кои тужбата/жалбата се одбива или отфрла и се на линија со одлуките на Комисијата, од што може да се заклучи дека Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер постапувајќи по жалбите донела правилни и врз закон засновани решенија.

4.4.2. Спроведување и искуства од примената на Законот

Искуствата од досегашното 13 годишно работење на Комисијата и имплементирање на Законот, говорат за тоа дека граѓаните најмногу информации бараат од државните институции како иматели на информации.

Како и во претходните Годишни извештаи така и во овој, е нотиран најголем број на жалби поднесени поради "молчење на администрација". Овој неспорен факт упатува на тоа дека најчеста причина за поднесување жалби до Комисијата е неспроведувањето на Законот од страна на имателите на информации од јавен карактер, поточно непостапувањето по Барањата од страна на првостепениот орган во законски предвидениот рок. По истекот на рокот предвиден во Законот и по поднесување на Жалбите, а и со посредство на Комисијата, имателите ги доставуваат бараните информации.

Во оваа извештајна година, токму поради молчењето на администрацијата донесени се голем број на Решенија со наложување, со кои Комисијата му наложува на имателот на информацијата да постапи согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 7 дена од добивањето на Решението.

Комисијата континуирано ја следи практичната примена на Законот и притоа утврди дека за подобра имплементација се потребни измени и дополнувања на истиот.

Иако во Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се вградени основните принципи на кои се темели правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, постои нецелосна и недоследна примена на Законот, ограничена транспарентност на институциите и нецелосно остварување на физичките и правните лица за пристап до информации од јавен карактер.

Поаѓајќи од сознанијата за проблемите во примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Министерство за правда формираше работна група составена од претставници на Комисијата, невладиниот сектор, Министерството за информатичко општевство и администтација и Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Најголем дел од доставените забелешки се однесуваа на опфатот на имателите на информации, дефинирање на поимот 'јавен интерес", намалување на опфатот на исклучоците од информации, зголемување на опфатот на информации кои се објавуваат, скратување на рокот за давање на одговор од страна на имателот на информации.

4.4.3. Листа на имателите на информации:

Независно што бројот на евидентирани имателите и во 2018 година е идентичен со оној што беше утврден во претходниот извештај и изнесува **1256**, како резултат на аргументирана потреба се изврши бришење односно додавање на имателите во четири сегменти, односно линкови од Листата што ја води Комисијата на својот веб портал. Со престанувањето на работењето (укинувањето) на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност на судија, за еден е помал бројот на имателите кај судската власт кој сега изнесува **83.** Позначајни интервенции и корекции се воочливи во делот од Листата со здравствените установи, каде бројот на имателите во однос на претходната извештајна година е намален за четири и

изнесува **108**. Промената е резултат на владината Одлука за спојување на здравствените домови во Кавадарци, Дебар, Гевгелија и Кочани со тамошните општи болници и нивното трасформирање во ЈЗУ Општа болница со проширена дејност–Кавадарци ,ЈЗУ Општа болница со проширена дејност–Дебар, ЈЗУ Општа болница со проширена дејност-Гевгелија, и Јавна здравствена установа – Општа болница со проширена дејност-Кочани.

Во споредба со 2017 година, со четири нови иматели е проширен делот од Листата кој го сочинуваат институции и установи од сите образовни степени, а чиј вкупен број иматели достигна **552.** Како нови иматели се регистирани основните училишта „Орхан Џемаили“, од село Горно Татеши, Струга, “Рилиндја“ од с.Селце, Тетово, „ Ѓерѓ Кастриоти-Скендербеу“од с.Порој, Тетово, како и Средното општинско училиште „Исмет Јашари“ од Општина Липково.

Зголемување на бројот на субјекти од **278** колку што имаше во претходната извештајна година на **279** иматели е евидентиран во линкот Јавни претпријатија и установи, како резултат на внесувањето во Листата на Националната установа Филмски центар Вардар Филм Македонија–Скопје.

Непроменет е бројот на иматели кај државните институции со **124**, единиците на локална самоуправа со **82** и кај правните и физички лица кои вршат јавни овластувања со **28** иматели. (**во прилози: Графикон 6)**

4.4.4. Содржина на Годишни извештаи:

Во духот на заложбата за транспарентност и отчетност, доминираат барањата на податоци поврзани со спроведени јавни набавки и конкретни тендерски постапки, начинот на располагање со буџетски средства, извештаи за извршена внатрешна и надворешна ревизија, преглед на трансакции од службена картичка, услуги за набавка, поправка и сервисирање на возила, податоци за советници на директори, одредени министри и градоначалници, но и за бројка, статус и работна позиција на вработени во ИПА сектори. Барателите ги интересирал и бројот на лица заведени во посебниот Регистар за забрана за вршење на дејност, потоа бројот на вработени во јавниот сектор според секторите на дејност, според работното време - полно или скратено, бројот на лица кои работат од дома (телеворкинг, бројот на вработени во повеќе од една институција, како и бројот на вработелни лица со нови нестандардни облици на вработување. Колкав е бројот на странски компании од областа на информатичката технологија што работат во земјата и какви облици на државна помош им се доделени, исто така било прашање на кое бил побаран одговор.

Од значење за барателите биле и одлуки за назначување и разрешување на членови на управни и надзорни органи, процентот на млади луѓе кои не се ниту во образовен, ниту во работен однос. Одделни иматели имале обврска да обезбедат пристап до податоци за аерозагадувањето, но и за ажурирана листа на царински складишта за акцизна стока на територијата на Скопје. Дел од барањата се однесуваат на податоци за проектна документација или за документација за легализација на дивоизградени објекти, буџетски приходи и расходи, биланс на успех и биланс на состојба во одредени општини.

Од судските органи се барале податоци за бројот на покренати предмети за развод на брак, незавршени и обжалени предмети по кои постапуваат одделни судови, вкупен број на тужби поднесени од мажи, односно од жени за остварување на правото на детски додаток, број на изречени прекршочни

санкции „протерување на странец од земјата“, листи со имиња на адвокати кои по службена должност се ангажирани во одделни судови, критериумите по кои им се доделуваат предметите на адвокатите од страна на овие судови, колку замолници или барања за меѓународна соработка во кривична материја се поднесени кон земјата од страна на странска држава.

4.4.5. Годишни извештаи на имателите:

Обврската да достават годишен извештај во законски предвидениот рок ја испочитуваа **963** или **76.67**% од евидентираните **1256** иматели на крајот од 2018-та година. Поради констатирани неусогласени и нелогични податоци или други непрецизности, **пет** од поднесените извештаи беа оквалификувани како нецелосни, односно невалидни, а статистичките податоци не беа земени во предвид при составувањето на збирниот Извештај на Комисијата. Одговорните лица на **293** институции, или на **23.32%** од имателите кои се составен дел од Листата, не беа транспарентни и не ја испочитуваа законски пропишаната обврска за доставување на годишен извештај. Поради тоа е невозможно да се процени дали и до тие иматели биле поднесени барања и како било постапено по истите.

Компаративно гледано, бројот на доставени извештаи од имателите во сите линкови без исклучок покажува натамошна тенденција на намалување во однос на резултатите прикажани во минатата година. Донекаде тоа се должи на извесната комотност на службените и одговорните лица на одделни иматели како резултат на осуммесечното нефункционирање на Комисијата. (**во прилози: Графикон7).**

Од вкупно евидентирани **124** државни институции, **6** не доставија извештаи за имплементацијата на Законот,а **5** судски органи од вкупно **83** иматели од судската власт не доставија отчет за имплементацијата на Законот. Од **82** единици на локалната самоуправа, вклучително и Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), **5** општини не постапија согласно Законот, додека одговорните лица на **3** од вкупно **28**-те правни или физички лица кои вршат јавни овластувања не беа транспарентни, односно не доставија Годишен извештај.

Намален број пристигнати извештаи е карактеристичен и за здравствените установи, каде **14** од **108** те иматели не доставија годишни извештаи. Драстично непочитување на Законот во споредба со претходната извештајна година покажаа институциите од образовната сфера, каде **208** од вкупно **552** имателa во сите степени на образование не ја исполнија законската обврска да достават Годишен извештај. Помал број извештаи е регистиран и кај јавните претпријатија и установи, каде одговорните лица на **52** од вкупно **279**–те евидентирани иматели не беа транспарентни, односно не доставија Годишен извештај.

Во периодот јануари-декември 2018 година до имателите биле поднесени **9423** барања. Службените лица дале позитивен одговор на **9115** од нив, а пристапот до **202** барања бил одбиен по основ на исклучоците од слободниот пристап и согласно други законски прописи.

Анализата уште покажа дека **106** барања поднесени пред истекот на календарската 2018 година, биле пренесени за постапување во 2019 година. Извештаите содржат и податок дека во 2018 година, имателите постапувале и одбиле **27** барања кои биле поставени пред самиот истек на 2017 година, а биле

третирани како пренесени.

Во знак на незадоволство од реакцијата на службените лица, односно институциите - барателите поднеле **220** жалби, по чие што разгледување Комисијата уважила **41** жалба**.** Имателите информираат за **5** преиначени првостепени одлуки по постапувањето на Комисијата, како и за **5** одбиени жалби од нејзина страна. Решавајќи по жалбите на незадоволните барателиКомисијата отфрлила **4** поднесоци. **(во прилози: Графикон 8)**

Со исклучок на образовните институции во сите степени, чии службени лица евидентирале **661** барање или за **108** помалку од лани, дејноста на имателите во сите останати линкови, била попровокативна за барателите во однос на минатогодишниот извештај.

Најмногу барања, односно **4064**, биле доставени до државните институции. Со **1246** примени барања и исто толку одговорени, Собранието на Република Северна Македонија, е апсолутен рекордер во периодот кој е предмет на овој Извештај.

Респектабилни **2492** барања се поднесени во врска со дејноста на општинските власти, судските органи информираат за **852** барања, а јавните претпријатија и установи бележат **728** примени барања. Здравствените установи имале обврска да одговорат на **507** барања, додека до службените лица кај правните и физички лица кои вршат јавни овластувања се доставени **119** барања. (**во прилози: Графикон 9 и 10**).

Во својство на имател до Комисијата беа доставени 30 барања од кои 18 беа одговорени, 1 барање беше одбиено, додека 11 барања се пренесени за постапување во 2019 година бидејќи Комисијата немаше кворум за работа.

4.4.6. Соработка со службени лица кај имателите:

Комисијата продолжи со континуирана комуникација со службените лица задолжени за посредување кај имателите, убедена дека соработката со нив е еден од основните предуслови за успешна примена на Законот. За таа цел, се практикуваше постојано отворена телефонска и факс линија која беше во функција на давање на информации, правна помош и појаснувања за службените лица кои што имаа одредени дилеми во однос на постапувањето по одделни примени барања, примената на конкретни членови од Законот (8 и 10), како и од аспект на пополнувањето на годишниот извештај.

Почесто од вообичаеното беа контактирани службените лица, пред се од оние државни институции, кои во извештајниот период најавија можност, или пак се преселија во нови простории на нови локации, што само по себе наметна потреба за обезбедување на новите адресни податоци, но и на телефонски броеви, како и за нивно навремено ажурирање во Листата на имателиИдентичен беше пристапот во комуникацијата и со лицата задолжени за посредување со информациите од јавен карактер со кои располагаат оние единици на локалната самоуправа, чии што општински совети донесоа одлуки за промена на имиња на улици, или на пооделни други адресни податоци.

И покрај тоа што не е нејзина законска обврска, Комисијата изготви Потсетник за доставување на Годишен извештај и според претходно востановената пракса, пред истекот на календарската година, по електронски пат истиот го достави до сите **1256** евидентирани имателиНа истата законска обврска Комисијата потсети и преку својата веб страница, преку која на имателите им се укажуваше навремено да доставуваат информации за секоја настаната измена со цел

навремено и прецизно ажурирање на веб порталот на Комисијата. Следејќи ги укажувањата и инструкциите на Комисијата, службените лица на една половина од евидентираните имателиi, своите извештаи ги доставија само по електронска пошта, со што беше избегната можноста за нивно дупло архивирање, со оглед на праксата на одделни имателиi, за секоја сигурност извештаите да ги доставуваат и по пошта. Овој вид на комуникација Комисијата ќе настојува да биде прифатен во целост, со што ќе се обезбеди поедноставен, поевтин и побрз вид на меѓусебна комуникација.

Во извештајниот период до Комисијата беа доставени **115** решенија за назначување на нови службени лица, а во прилог на Годишните извештаи до Комисијата беа доставени Одлуки за назначување на уште други **17** службени лица во извештајната година.

На доследна примена на Законот, Комисијата инсистираше и во **19** случаи кога имателите, само врз основа на известување се обидоа да извршат промена на службеното лице. По остварени телефонски контакти и одржана поединечна мини обука со секое одговорно лице кај овие имателиi, уследи корекција, а назначувањето на новите службени лица беше извршено согласно Законот- со Одлука, односно Решение.

За одбележување е гестот на одговорните лица на ООУ „Орхан Џемаили“, од с.Горно Татеши, Струга, ООУ „Рилиндја„ од с.Селце, Тетово и на ООУ„Ѓерѓ Кастриоти-Скендербеу“ од с.Порој, Тетово, кои до Комисијата ги доставија потребните податоци пропишани со членовите 8 и 10 од Законот, со што такаречи самоиницијативно навестија дека се имателиi. Во прилог на другите побарани документи неопходни за нивно регистрирање на Листата, овие институции во определениот рок до Комисијата доставија и годишни извештаи. На тој начин новите имателиi во потполност ја исполнија законската обврска и покажаа подготвеност да придонесат за почитување на уставното и законско загарантирано човеково право за пристап до информации од јавен карактер.

4.4.7. Нецелосни извештаи и евидентирани неправилности:

Поради нецелосни или погрешно внесени податоци, непрецизно евидентирани барања и други евидентни неправилности, при подготовката на Извештајот за имплементација на Законот, не се земени во предвид појаснувањата и бројките содржани во извештаите на **пет** имателиi доставени во законски предвидениот рок. За нецелосни и нерегуларни се оквалификувани извештаите на едно јавно претпријатие, една културна, односно здравствена установа, како и на две образовни институции.

4.4.8. Веб локација на Комисијата

Комисијата вршеше континуирано и навремено ажурирање и дополнување на сопствениот WEB портал www.komspi.mk, со што доследно го практикуваше принципот на максимална отвореност во своето работење. Целосно внимание се посвети на презентирањето и достапноста на клучните информации, соопштенија, извештаи, ургенции и други содржини, кои се однесуваа на реализираните, но и на претстојни активности на Комисијата. Ваквиот пристап придонесуваше за зголемување на информираноста на имателите и на

барателите (пред се на граѓаните), но и за поедноставно доаѓање до потребните информации.

За време на целиот период на непречено функционирање на Комисијата (до 2 мај), се продолжи со востановената практика на интегрално поместување на донесените решенија и заклучоци (анонимизирани), со што граѓаните и граѓанските здруженија кои поднеле жалба, на најбрз начин можеа да се запознаат со одлуките во врска со предметите од нивен интерес.

Сите пристигнати известувања и податоци за настанати промени кај службените лица, измени на адресни податоци или мејл адреси, (што можеа да се имплементираат без претходна одлука на Комисијата), на порталот се внесуваа на дневна основа, со што јавноста правовремено беше информирана за сите тековни корекции или измени.

Во посебен банер со наслов "Искористи го своето право на слободен пристап до информации од јавен карактер", на веб локацијата е поставен видео спот кој Комисијата го изготви во соработка со Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените-ЕСЕ, како активност произлезена од Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година. Овој тонски видео запис за промоција на правото на пристап до информации од јавен карактер на македонски, албански и знаковен јазик, беше емитуван од девет национални и локални ТВ медиуми (ТВ Дуе Гостивар, ТВ Калтрина Струга, ТВ Плус Куманово, ТВ Телма од Скопје, Македонска Радио Телевизија, Радио Кавадарци, Телевизија 3 Дебар, ТВ Гура Кичево и ТВ Стар).

4.4.9. Јавност во работата:

Комисијата партиципираше во работата на настан во организација на СИГМА, со наслов „Предизвиците во реформата во јавната администрација". Во панел дискусијата на тема: Фокус на капацитетот на администрацијата, во делот: Одговорност-пристап до информациите од јавен карактер, Заменик претседателот на Комисијата во својство на панелист ги поздрави предлог-измените на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со кои ќе се подобри функционирањето не само на Комисијата, туку и на Законот во целина. Комисијата е на исто мислење со Владата и граѓанскиот сектор, дека е потребно зајакнување на законското решение во делот на прекршочната постапка, што е и една од главните препораки на извештајот на СИГМА.

5. АКТИВНОСТИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ ВО РАБОТЕЊЕТО:

5.1. Усогласување со ИСО 9001:2015

Со оглед на стапувањето на сила на измените, односно транзицијата на ISO 9001:2008 во новата верзија на ISO стандардот 9001:2015, се пристапи кон имплементирање и на овој чекор, за што беше потребна експертска помош, и беше склучен договор за набавка на консултантски услуги со Друштвото за консалтинг и информатички инженеринг НЕТ-БИТ ДОО Скопје. Беше изготвена ГАП анализа во која беа нотирани сите активности што треба да се спроведат, а потоа и финални верзии на поголемиот дел од анализите на ризик по процеси. Поради познатите состојби со функционирањето на Комисијата, одделни

документи за чија што подготовка се потребни став и анажман на раководството, ќе бидат изготвени по создавањето на услови за полноправно одлучување и работење на Комисијата.

Откако ќе биде извршено усогласувањето, се планира спроведување на надворешен „аудит“, односно проверка од страна на овластено тело на исполнетоста на барањата на меѓународниот стандард, заради здобивање на соодветен сертификат. Очекувањата се дека на тој начин ќе се овозможи значително подобрување на квалитетот на функционирањето на Комисијата и на Секретаријатот од аспект на точно дефинирање на одговорностите на определено работно место, прецизирање на роковите за завршување на задачите, мерење на ефективноста и ефикасноста, идентификување на ризиците на процесите, како и активностите кои треба да се преземат за надминување на тие ризици.

5.2. Обука на тема: „Управување со квалитет во јавниот сектор“

Комисијата учествуваше на тридневна обука на тема: „Управување со квалитет во јавниот сектор“. Целта на обуката беше учесниците-административни службеници од повеќе области, да се стекнат со јасно разбирање за процесот на управување со квалитет во јавниот сектор и системите за управување со квалитет како ISO, BPR и сл., имплементација на CAF моделот, процесот на управување со задоволството на граѓаните / клиентите, вклучувајќи ги техниките за мерење на задоволството на корисниците.

5.3. Обуки и едукација

Комисијата како и секоја година и во текот на 2018 година продолжи со одржување обуки на службените лица за посредување со информации од јавен карактер. Во просториите на Комисијата беа одржани четири обуки од кои една за одговорни лица односно, за директори на јавни претпријатија.

Имено, согласно член 8 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, службеното лице за посредување со информации од јавен карактер контактира и ги дава потребните информации. Меѓутоа, досегашното искуство на Комисијата во однос на имплементацијата на наведениот Закон покажа дека, во најголем број случаи давањето односно, недавањето на информации не зависи од службеното лице, туку зависи од одговорното лице кај имателот на информацијата. Од наведените причини, на обуката која се одржа на 23 февруари беа поканети одговорни лица односно, директори на јавни претпријатија. На поканата за присуство на обуката која по електронски пат беше доставена до одговорните лица на **19** јавни претпријатија се одзваа само три раководни лица. И покрај укажувањето во поканата дека, обуката е наменета за раководни лица од едно јавно претпријатие присуствуваше вработен во истото.

На останатите три обуки кои беа наменети за новоназначени службени лица присуствуваа **34** службени лица од различни иматели на информации, кои директно учествуваат во спроведувањето на Законот.

Соработката помеѓу Комисијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, продолжи и во 2018 година, кога беа одржани три регионални работилници во Гевгелија, Струга и Битола, на кои присуствуваа **72** службени лица кои не посетувале обука

за слободен пристап до информации, а директно учествуваат во спроведувањето на Законот.

Во рамките на наведената соработка помеѓу Комисијата и Мисијата на ОБСЕ во Скопје беа одржани и две обуки во Скопје со учество на **34** службени лица.

Целта на обуките беше подигнувањето на институционалната свест, јавната свест и степенот на запознавање на имателите на информации со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и обврските кои произлегуваат од истиот Закон, со посебен осврт на обврските за новоназначените службени лица. Голем интерес присутните на овие обуки покажаа во делот на примената на членот 6 на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, со кој се регулирани исклучоците од слободниот пристап до информации од јавен карактер, односно посебен акцент за „информациите кои врз основа на закон претставуваат класифицирана информација со соодветен степен на тајност“ и „личниот податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци“. Исто така, голем интерес предизвика таканаречениот “тест на штетност“, кој е задолжителна постапка при постапувањето по барањето на информација која согласно горенаведениот член претставува исклучок, по што може да биде донесено решение за одбивање на барањето, или овозможување на пристап до бараната информација.

Од одржаните обуки, произлезе сознание дека и во иднина треба да продолжи организирањето на едукативни средби и обуки , но поголемо внимание да се посвети на практичната примена на Законот, односно на неговата имплементација, со презентирање на примери од пракса.

6. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ И МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА:

6.1. Соработка со други институции:

Член на Комисијата учествуваше на јавната расправа за Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022 и Акцискиот план, како дел од работната група на овој проект, во делот Одговорност, отчетност и транспарентност на институциите. Во текот на реализацијата на проектот Комисијата е планирано да спроведе неколку предвидени активности. Согласно Акцискиот план на Стратегијата, како составен дел од Мерката 3, во делот за ,,Зајакната транспарентност на институциите и подобрување на комуникацијата помеѓу институциите и граѓаните и бизнис заедницата“, беа изготвени 3 Пасошки индикатори со помош на кои ќе се спроведува мерење на ефикасноста, мониторинг на индикаторите и подготовка на Извештај од истите за потребите на Стратегијата за реформа на јавната администрација.

Комисијата одржа работна средба со челните луѓе на Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ), на која беше истакната подготвеноста за воспоставување на взаемна потесна соработка, по што уследи и потпишување на Меморандум за соработка. Со овој документ, двете страни и формално се обврзаа на заедничко дејствување за поголема отчетност и транспарентност на институциите и побрз и поефикасен пристап на медиумите и граѓаните до информациите од јавен карактер.

Комисијата оствари работен состанок со консултативен карактер со претставници на Мисијата на ОБСЕ во Скопје и на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците на Собранието на Република Северна Македонија. На состанокот беше извршена широка размена на мислења во функција на стандардизирање на унифициран и структуриран образец на Годишен извештај.

Комисијата учествуваше на работен состанок иницран од Министерството за правда, на кој се утврди потребата за измени и дополнувања на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Беше најавено формирање на работна група која ќе ги разгледа сите доспеани предлози за измени и дополнувања на Законот.

Комисијата продолжи активно да учествува во подготвувањето на новиот Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година. Претставници на Комисијата земаа активно учество на конференцијата „Отворено владино партнерство – дијалог со граѓанските организации за Националниот акциски план 2018-2020“, на која претставниците на владините институции и претставниците на граѓанските организации заедно ги предлагаа и усогласуваа активностите кои ќе бидат дел од четвртиот Акциски план. На истата конференција беше промовиран видео спотот кој Комисијата во соработка со Здружението ЕСЕ заеднички го изготвија како активност од акцискиот план 2016-2018 година. Во новиот Акциски план беа усогласени и прифатени мерките кои ќе бидат реализирани во наредниот двегодишен период: Редовно проактивно објавување на информациите од јавен карактер на интернет-страниците на имателите на информации, Унапредување на електронски пристап до информациите од јавен карактер и Зголемување на свесноста на граѓаните за нивните права за пристап до информации од јавен карактер .

Комисијата учествуваше во работната група задолжена за изработка на Национална стратегија за отворени податоци, чија цел е подобрување на транспарентоста и отчетноста на државните институции преку подобрување на политиките за отворени податоци.

6.2. Меѓународна соработка:

Од аспект на меѓународната соработка, Комисијата беше активна на планот на изготовка на предлог проектни апликации и соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје , проектни материјали за ИПА проект, како и апликација и реализација на TAIEX апликации.

6.2.1. Проектни апликации и соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје

Од проектната апликација за „Тригодишна соработка и активности за Комисијата“ што се реализира во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, беа организирани 5 (пет) локални и регионални работилници на тема: “Правото на слободен пристап до информации од јавен карактер – досегашни искуства од примената на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер“.

Во јули 2018 година, беше одобрена и доделена Донација за Комисијата во вредност од 20.000 (дваесет илјади) евра (во денарска противвредност). Донацијата содржи канцелариска и техничка опрема и тоа: 5 (пет) лаптопи, 10 (десет) десктоп компјутери, 2 (два) сервера, 1 (еден) мултифункционален уред,

2 (два) клима уреда, 3 (три) плакари и 1 (еден) фотоапарат, со цел зајакнување и подобрување на условите за работа на Комисијата.

6.2.2. ИПА проекти

Комисијата активно е вклучена во изготовката на Акцискиот Документ за Приоритет 3. Транспарентност и отчетност и проектен материјал од **ИПАII 2014-2020 проектот „Европска поддршка за Реформа на Јавната Администрација (PJA)“**, чиј носител е Министерството за информатичко општество и администрација.

Комисијата е еден од носителите на проектни активности наведени во под-активноста 2: Промовирање на транспарентноста и отчетноста во јавната администрација, каде се содржани активности поврзани со Комисијата.

Во текот на 2018 година, Одделението за меѓународна соработка на Комисијата го изготви **ToR (Terms of Reference), тендерската документација, Пасошки Индикатори, како и Contract Notice,** документ во кој се наведени условите за учество.

Во 2018 година за потребите за мерење на ефектите на Индикаторите за горенаведениот проект, Комисијата спроведе мониторнинг на веб локациите на имателите на информации на локално и регионално ниво. Мониторингот се направи со преглед на сите документи кои институциите се надлежни да ги објавуваат согласно член 9 и член 10, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на РМ“ бр.13/2006, 86/2008, 6/2010, 42/2014, 148/2015, 55/2016 и 64/2018), а беше спроведен на околу илјада (1000) иматели на информации од сите области и дејности, од Листата на иматели на Комисијата. Резултатите од овој мониторинг покажаа дека голем број на државните институции и општините имаат веб локации, судските органи и образовните установи делумно, додека јавните претпријатија и установи, здравствените установи и правните и физички лица кои вршат јавни овластувања, во најголем дел немаат или пак не пријавиле адреса на веб локацијата до Комисијата. Најголем дел од имателите на информации не ја почитуваат законската обврска која за нив произлегува од членот 9, односно немаат објавено Листа на информации од јавен карактер, а голем број иматели кои имаат објавено Листа на информации истата не ја ажурираат редовно.

6.2.3. TAIEX Инструмент

Комисијата преку TAIEX Инструментот за поддршка на Европската Комисија ги реализираше следните активности:

а) На 18 и 19 април беше реализирана Експертска мисија под наслов: „Санкции за имателите на информации“, како резултат на поднесената и одобрена апликација во 2017 година. Целта на експертската мисија со учесници од Хрватска и Холандија, беше размена на најдобрите искуства и на добрите практики на Комисијата со споменатите две европски земји во однос на спроведувањето на заштитата на правото за слободниот пристап до јавните документи, со посебен акцент на најсоодветните санкции (вклучувајќи парични казни и прекршочни мерки) и соодветна постапка во случај на неизвршување од страна на јавните органи на нивната законска обврска.

б) На почетокот од февруари 2018 година, Комисијата поднесе апликација за Мулти-регионална работилница за одбележување на Меѓународниот ден на „Имам право да знам 2018“ која е планирано да биде реализирана на 28.09.2019 година со учество на 9 (девет) меѓународни експерти и претставници од сродните институции од регионот, како и партнери на Комисијата од невладиниот сектор.

7. БУЏЕТ, ЗАВРШНА СМЕТКА И ФИНАНСИРАЊЕ

Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер, како буџетски корисник, средствата за работа единствено ги обезбедува од Буџетот на Република Северна Македонија сметка на основен буџет – 193026020863713, програма 20 - Слободен пристап до информации. Сите средства беа испланирани и извршени во согласност со надлежностите, правата и овластувањата на Комисијата со цел нивно законско, ефикасно и економично искористување

7.1 Краток финансиски извештај

Комисијата, 2018 година ја започна со буџет во износ 16.580.000,00 денари. Во текот на 2018 година, по донесените измени и дополнувања на Буџетот на Република Северна Македонија, одобрениот буџет на Комисијата изнесуваше 16.480.000,00 денари.

Вкупната реализација на буџетот за 2018 година изнесува 12.808.505,00 денари, или процентуално изразено 77,72%. Расходите се реализирани според потребите, а во согласност со ставките одобрени со буџетот.

За подетален преглед на остварените расходи за 2018 година, следува табеларен и графички приказ. **(во прилози: Графикон 11)**

	Буџет 2018	Завршна сметка 2018
40 Плати и надоместоци	**13,400,000.00**	**11,046,006.00**
401- Основни плати	9,782,000.00	8,061,030.00
402 - Придонеси за социјално осигурување	3,618,000.00	2,984,976.00
42 Стоки и услуги	**2,830,000.00**	**1,725,848.00**
420 - Патни и дневни расходи	100,000.00	24,911.00
421 - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	1,800,000.00	1,141,600.00
423 - Материјали и ситен инвентар	100,000.00	69,798.00
424 - Поправки и тековно одржување	200,000.00	182,572.00
425 - Договорни услуги	560,000.00	285,408.00
426 - Други тековни расходи	70,000.00	21,559.00
46 Субвенции и трансфери	**50,000.00**	**15,000.00**
464 - Разни трансфери	50,000.00	15,000.00
48 Капитални расходи	**200,000.00**	**21,651.00**
480 - Купување на опрема и машини	100,000.00	21,651.00
481 - Градежни објекти	100,000.00	0.00
Вкупно	**16,480,000.00**	**12,808,505.00**

Табела бр.1: Реализација на буџет по ставки

Анализирајќи го по видови основниот буџет, учеството на поодделните видови на расходи во вкупно реализираните расходи за извештајниот период е следно:

- Ставка 401 - Основни плати, реализирани се расходи во износ од 8.061.030,00 денари или 82,41% од планираните 9.782.000,00 денари;
- Ставка 402 – Придонеси за социјално осигурување, реализирани се расходи во износ од 2.984.976,00 денари или 82.50% од планираните 3.618.000,00 денари;
- Ставка 420 – Патни и дневни расходи, реалзирани се 24.911,00 денари или 24,91% од планираните 100.000,00 денари;
- Ставка 421 – Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт, реализирани се 1.141.600,00 денари или 63,42% од планираните 1.800.000,00 денари;
- Ставка 423 – Материјали и ситен инвентар, реализирани се 69.798,00 денари или 69,80% од планираните 100.000,00 денари;
- Ставка 424 – Поправки и тековно одржување, реализирани се 182.572,00 денари или 91,29% од планираните 200.000,00 денари;
- Ставка 425 – Договорни услуги, реализирани се 285.408,00 денари или 50,97% од планираните 560.000,00 денари;
- Ставка 426 – Други тековни расходи, реализирани се 21.559,00 денари или 30,80% од планираните 70.000,00 денари;
- Ставка 464 – Разни трансфери, реализирани се расходи во износ од 15.000,00 денари или 30,00% од планираните 50.000,00 денари;
- Ставка 480 – Купување на опрема и машини, реализирани се расходи во износ 21.651,00 денари или 21,65% од планираните 100.000,00 денари;

- Ставка 481 – Градежни објекти, реализирани се расходи во износ од 0,00 денари или 0,00% од планираните 100.000,00 денари;

7.2 Компаративна табела на буџет и расходи во последните три години

Во продолжение е даден табеларен компаративен преглед на буџетот и остварените расходи од завршните сметки на Комисијата во последните три години.

	Буџет 2018	Завршна сметка 2018	Буџет 2017	Завршна сметка 2017	Буџет 2016	Завршна сметка 2016
401 - Основни плати	9,782,000.00	8,061,030.00	9,000,000.00	8,017,464.00	8,973,000.00	8,053,828.00
402 - Придонеси за социјално осигурување	3,618,000.00	2,984,976.00	3,300,000.00	2,975,858.00	3,313,000.00	2,977,844.00
420 - Патни и дневни расходи	100,000.00	24,911.00	100,000.00	83,008.00	100,000.00	53,440.00
421- Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	1,800,000.00	1,141,600.00	1,667,500.00	1,377,027.00	1,523,461.00	1,517,551.00
423- Материјали и ситен инвентар	100,000.00	69,798.00	100,000.00	99,442.00	120,000.00	119,980.00
424 - Поправки и тековно одржување	200,000.00	182,572.00	200,000.00	156,964.00	200,000.00	191,959.00
425 - Договорни услуги	560,000.00	285,408.00	300,000.00	299,680.00	260,000.00	256,467.00
426 - Други тековни расходи	70,000.00	21,559.00	70,000.00	59,273.00	100,000.00	73,674.00
464 - Разни трансфери	50,000.00	15,000.00	0.00	0.00	595,000.00	0.00
465- Исплати по извршни исправи	0.00	0.00	0.00	0.00	855,539.00	855,539.00
480 - Купување на опрема и машини	100,000.00	21,651.00	82,500.00	79,899.00	66,000.00	64,815.00
481 - Градежни објекти	100,000.00	0.00	0.00	0.00	0.00	0.00
Вкупно	**16,480,000.00**	**12,808,505.00**	**14,820,000.00**	**13,148,615.00**	**16,106,000.00**	**14,165,097.00**

Табела бр.2: Буџет на Комисијата за последните три години

7.3. Завршна сметка за 2018 година

Копија од завршна сметка за пресметковниот период 01.01.2018 до 31.12.2018 година, за сметка на основен буџет – 193026020863713, е доставена како анекс на извештајот.

8. ЗАКЛУЧОЦИ:

1. Комисијата не е во можност да ја оствари својата основна надлежност (постапување по жалби) како и донесување на управни акти, затоа што подолго од седум месеци функционира само со двајца членови. За да може да ја оствари својата функција, неопходно е да има потребен кворум за работа (најмалку тројца членови). На тој начин, Комисијата го губи својот кредибилитет пред барателите на информации од јавен карактер, кои се оштетени во делот на остварување на своето право за пристап до информации од јавен карактер.

2. Комисијата продолжи со своите активности на планот на едукација на имателите на информации, соработка со имателите на информации, информирањето на јавноста и меѓународната соработка.

3. Во делот на проблемот со човечки ресурси посебно се истакнува потребата за вработување на IT лице и доекипирање на правниот сектор со 5 лица.

9. ПРЕПОРАКИ:

1. Итно реализирање на јавен оглас за пополнување на заменик на претседателот и членови на Комисијата заради одлучување по заостанатите предмети како и по жалбите кои континуирано пристигнуваат.

2. Комисијата препорачува итни законски измени во областа на слободниот пристап до информациите од јавен карактер, меѓу кои воведување на прекршочна одредба за неспроведување на Решението на Комисијата во рокот утврден во законот, како и предвидување на Инспекциски надзор на спроведувањето на законот и прописите донесени врз основа на овој закон од страна на Комисијата, кој би го вршеле стручни лица-инспектори вработени во нејзиниот Секретаријат.

3. Зголемување на буџетот на Комисијата со цел создавање на можности за нејзино поактивно работење, базирано на сопствени средства, поаѓајќи од фактот дека одобрените средства не се доволни за јакнење на улогата на Комисијата.

4. Со цел поуспешно остварување на улогата на Комисијата, согласно законските надлежности, потребно е зголемување на кадровските и техничките капацитети на Комисијата

10.ПРИЛОЗИ:



Графикон 1: Број на поднесени жалби по месеци



Графикон 2: Број на поднесени жалби



Графикон 3: Компаративни податоци на поднесени жалби по години



Графикон 4: Решени предмети и нивна структура

Графикон 5: Жалби поднесени против имателите на информации



Графикон 6: Листа на имателиа на информации од јавен карактер



Графикон 7: Број на Годишни извештаи



Графикон 8: Постапки по барања



Графикон 9: Број на поднесени барања до имателиа



Графикон 10: Споредбен преглед од почетокот на примената на Законот (имателi на информации, поднесени барања, одговорени барања и примени Годишни извештаи)



Графикон 11: Процент на реализација на буџет по ставки

ПРИЛОГ: КОПИЈА ОД ЗАВРШНА СМЕТКА ЗА 2018 ГОДИНА

ЕМБС: 06119140
Целосно име: КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР Скопје
Вид на работа: 510
Тип на годишна сметка: Сметка на органи на управа други органи од нестопанство - 603, 637
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2018

Биланс на приходи и трошоци

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
1	- - I. ТЕКОВНИ РАСХОДИ (002+007+012+020+024+029+033+039)	13.068.716,00			12.786.854,00
2	- - а) ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ (003+004+005+006)	10.993.322,00			11.046.006,00
3	- - Плати и надоместоци	8.017.464,00			8.061.030,00
4	- - Придонеси за социјално осигурување	2.975.858,00			2.984.976,00
12	- - в) СТОКИ И УСЛУГИ (ЗБИР ОД 013 ДО 019)	2.075.394,00			1.725.848,00
13	- - Патни и дневни расходи	83.008,00			24.911,00
14	- - Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	1.377.027,00			1.141.600,00
15	- - Ситен инвентар, алат и други материјали за поправка	99.442,00			69.798,00
16	- - Поправка и тековно одржување	156.964,00			182.572,00
17	- - Договорни услуги	299.680,00			285.408,00
18	- - Други тековни расходи	59.273,00			21.559,00
33	- - е) СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ (од 034 до 038)				15.000,00
37	- - Разни трансфери				15.000,00
44	- - II. КАПИТАЛНИ РАСХОДИ (од 045-054)	79.899,00			21.651,00
45	- - Купување на опрема и машини	79.899,00			21.651,00
59	- - А) ВКУПНО РАСХОДИ (001+044+055)	13.148.615,00			12.808.505,00
67	- - Ѓ) ВКУПНО (059+060) =105, АКО 061 Е ПОГОЛЕМО ОД 060 ТОГАШ (059+061) =105	13.148.615,00			12.808.505,00
88	- - IV. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ (089+090+091+092)	13.148.615,00			12.808.505,00
89	- - Трансфери од други нивоа на власт	13.148.615,00			12.808.505,00
103	- - А) ВКУПНО ПРИХОДИ(068+077+083+088+093+097+101+102)	13.148.615,00			12.808.505,00
105	- - В) ВКУПНО (103+104=067)	13.148.615,00			12.808.505,00
106	- - Г) ПОСЕБНИ ПОДАТОЦИ: Просечен број на вработени врз основа на часовите на работа во пресметковниот период (цел број)	23,00			22,00

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
111	- - А) АКТИВА: ПОСТОЈАНИ СРЕДСТВА (112+113+114+122+123)	8.511.618,00	14.667.323,00	6.325.345,00	8.341.978,00
114	- - III. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (115 ДО 121)	8.511.618,00	14.667.323,00	6.325.345,00	8.341.978,00
115	- - Градежни објекти	7.938.152,00	8.535.647,00	682.851,00	7.852.796,00
117	- - Опрема	287.454,00	6.131.676,00	5.642.494,00	489.182,00
120	- - Други материјални средства	286.012,00			
124	- - Б) ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПОБАРУВАЊА (125+134+135+140+141+142+143+144+145+146)	1.149.126,00	1.109.540,00		1.109.540,00
146	- - Други активни временски разгарничувања	1.149.126,00	1.109.540,00		1.109.540,00
159	- - ВКУПНА АКТИВА (111+124+147+154+158)	9.660.744,00	15.776.863,00	6.325.345,00	9.451.518,00
161	- - I. ПАСИВА: ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА	8.511.618,00			8.341.978,00

	(162+163)		
162	- - Државен -јавен капитал	8.511.618,00	8.341.978,00
173	- - III. ТЕКОВНИ ОБВРСКИ (174+175+180+181+189+195+196+197+198)	1.149.126,00	1.109.540,00
175	- - б) Краткорочни обрски спрема добавувачи (176 до 179)	223.357,00	152.032,00
176	- - Обврски спрема добавувачи во земјата	181.424,00	152.032,00
179	- - Обврски спрема добавувачи - граѓани	41.933,00	
197	- - ж) Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените	925.769,00	957.508,00
200	- - ВКУПНА ПАСИВА (161+164+165+173+199)	9.660.744,00	9.451.518,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
660	- - Обврски за нето плати (< или = на АОП 197од БС)	624.416,00			645.258,00
662	- - Даноци од плати и надомести (< или = на АОП 197од БС)	51.393,00			53.724,00
663	- - Придонеси од плати и надомести од плати (< или = на АОП 197 од БС)	249.960,00			258.526,00
664	- - Електрична енергија (< или = на АОП 014 од БПР)	472.164,00			440.126,00
665	- - Водовод и канализација (< или = на АОП 014 од БПР)	115.826,00			153.858,00
666	- - Пошта, телефон, телефакс и други трошоци за комуникација (< или = на АОП 014 од БПР)	405.817,00			233.490,00
670	- - Прехранбени продукти и пијалаци (< или = на АОП 015 од БПР)	34.077,00			
673	- - Консултантски услуги (Издатоци за авторски хонорари) (< или = на АОП 017 од БПР)	19.200,00			4.800,00
674	- - Осигурување на недвижности и права (< или = на АОП 017 од БПР)	474,00			
677	- - Други оперативни расходи (< или = на АОП 018 од БПР)	59.273,00			17.362,00
685	- - Трансфери од Буџетот на Република Македонија (< или = на АОП 088 од БПР)	13.148.615,00			12.808.505,00
688	- - Просечен број на вработени врз основа на состојбата на крајот на месецот	23,00			22,00

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
2546	- 84.11 - Општи дејности на јавната управа				12.808.505,00

Потпишано од:

Liljana Dukovikj
ljiljana_dukovic@yahoo.com
CN=KibsTrust Qualified Certificate Services, OU=Class 2 Managed PKI Individual Subscriber CA, OU=Symantec Trust Network, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KibsTrust Qualified Certificate Services

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.

ЕМБС: 06119140
Целосно име: КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО ЗА СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИТЕ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР Скопје
Вид на работа: 510
Тип на годишна сметка: Средства на буџетските корисници добиени по основ на донации - 785
Тип на документ: Годишна сметка
Година : 2018

Биланс на приходи и трошоци

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година

Биланс на состојба

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
159	- - ВКУПНА АКТИВА (111+124+147+154+158)		0,00	0,00	0,00
200	- - ВКУПНА ПАСИВА (161+164+165+173+199)				0,00

Државна евиденција

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година

Структура на приходи по дејности

Ознака за АОП	Опис	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
2546	- 84.11 - Општи дејности на јавната управа				0,00

Потпишано од:

Liljana Dukovikj
ljiljana_dukovic@yahoo.com
CN=KibsTrust Qualified Certificate Services, OU=Class 2 Managed PKI Individual Subscriber CA, OU=Symantec Trust Network, O=KIBS AD Skopje, C=MK
KibsTrust Qualified Certificate Services

Изјавувам, под морална, материјална и кривична одговорност, дека податоците во годишната сметка се точни и вистинити.

Податоците од годишната сметка се во постапка на доставување, која ќе заврши со одлука (одобрување/одбивање) од страна на Централниот Регистар.